РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 01-642/1
11.08 2025 год
РОСОМАН

Врз основа на член 6 од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти формирана од Советот на општина Росоман ("Службен гласник на Општина Росоман" бр.13/25), а согласно член 8а од Изборниот Законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), Комисијата на ден 11.08.2025 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за ставање во мирување на Конкурсот за стипендирање на талентирани ученици и студенти за учебната 2025/2026 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се става во мирување Конкурсот за стипендирање на талентирани ученици и студенти за учебната 2025/2026 година, објавен на ден 01.08.2025 година со рок за пријавување 30 дена од денот на објавувањето.

**Член 2**

Комисијата постапувајќи согласно член 8-а од Изборниот законик, го става во мирување пријавувањето по Конкурсот за стипендирање откако на ден 09.08.2025 година се донесе Решението за распишување на изборите за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на градот Скопје ("Службен весник на РСМ" бр.167/25).

**Член 3**

Мирувањето на Конкурсот ќе трае се до денот на целосно завршување на локалните избори односно до избор на градоначалници и конституирање на советите на локалните самоуправи.

**Член 4**

Поднесувањето на пријави по Конкурсот ќе продолжи првиот ден од денот на целосно завршување на изборите.

**Во Росоман на ден**
**11.08.2025 година**

**КОМИСИЈА ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА**

**Претседател**

_______________________